РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAOEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-738/2
02-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 33-тата седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-3404/1 од 22.12.2025 година, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што во истата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконски или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-3404/1 од 22.12.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

До Државната комисија од страна на непознат подносител, на ден 22.12.2025 година, е поднесена пријава со број 12-3404/1 од 22.12.2025 година, кон која не се доставени прилози и во која подносителот изнесува сомневање дека конкурс за /// во /// бил наместен. Во пријавата не е точно наведено лицето кое наводно било незаконски вработено, за каков ангажман на лицето станува збор, односно дали се работи за постапка за вработување, склучување на договор или слично, а не се посочени ни службените лица и во што се состојат наводните прекршувања на прописите од нивна страна.

Државната комисија по разгледувањето на пријавата, имајќи предвид дека во истата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконски или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

овластувања и службената должност за да може по неа да се постапува, а со оглед дека подносителот не е познат дополнителни податоци не можат да се обезбедат, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**
**Адем Чучуљ**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk